РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr. 12 - 2749 /8
30 -12- 2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 45-та седница, продолжение одржано на ден 30.12.2020 година, донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапувањето по предметот со број 09-2749/1 од 20.05.2019 година, бидејќи во пријавата нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси, согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-2749/1 од 20.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2749/1 од 20.05.2019 година е оформен врз основа на пријава по електронска пошта со наводи за сомневање за судир на интереси при спроведување на постапки за вработување во ------------, подружница ------------. Пријавителот оспорува Оглас за вработување во -------------------, подружница --------------, наведувајќи дека најголем број на кандидати се примени со фиктивен работен стаж, односно лицата што биле примени се без работно искуство. Наведениот оглас бил наменет само за членовите на Политичката партија -------------. Понатаму во пријавата има наводи дека во општината --------------- е примен синот на директорот, без основни податоци за кои лица станува збор. Пријавителто оспорува и втор оглас во ЈП --------------, подружница ---------------, за кој вели дека е против Уставен, бидејќи според истиот се барало кандидатите да бидат од Албанска Националност.

Државната комисија се обрати до пријавителот, со цел прецизирање на пријавата, бидејќи во истата нема број на Огласите за кои има наводи за неправилности за нивното спроведување, понатаму се побараа основни податоци за лицата кои се споменуваат во пријавата (име и презиме), како и какво е нивното сродство со избрано и именувано лице за кое смета дека влијаело во постапките за вработување.

Поради фактот што пријавителот не достави допрецизирање на пријавата, а поминат е подолг временски период, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М., виш соработник

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk